

***Бобан Пановски***

Вчера бевме сведоци на нарачан прогон за Митрополитот Агатангел Повардарски поради повик верниците да дојдат во дворовите на црквите и да го чествуваат еден од големите христијански празници Задушница. Очигледно некој несака или намерно незнае што е јавен простор и јавен собир, а што двор на црква. Секако дека граѓаните кои би се решиле да се одзват на повикот од Повардарската епархија би се заштитиле соодветно според препораките.

Доколку на некого му смета македонизмот на Митрополитот Агатангел Повардарски зошто не му смета неофашизмот на солунскиот Митрополит Антимос на кого секоја неделна литургија устата му е полна со клетви и воени закани кон Македонија и македонскиот народ. Дали за ова некој некогаш има реагирано. За жал да но тоа беше

поранешниот грчки премиер Ципрас кој повика Антимос да се воздржи но секако само додека се ,,реши,, името Македонија на наша штета.

Единствениот грев за кој е спроведен овој нарачан прогон на Митрополитот Агатангел Повардарски е неговиот македонизам присутен во скоро секоја литургија. Тоа е главниот проблем и причина за овој нарачан прогон најавен вчера утрината, а експресно спроведен за неколку часа.

И уште еднаш ќе се повторам со вчерашниот статус:

Постапката против Митрополитот Агатангел Повардарски е беспредметна по две основи:

1. Според Законот за јавните собири во член 2 став 2 алинеа 1 е дефинирано дека: ..Не се смета за јавен собир во смисла на ставот 1 на овој член: - верски обреди што се одржуваат во простории наменети за верски цели..

2. Според член 18 став 6 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група ,,Никој не смее да ги попречува свештените лица и верските службеници од цркви, верски заедници и религиозни групи во Република Македонија во извршувањето на нивните верски активности во јавните верски објекти и таму каде што тоа е дозволено согласно со овој закон,,.

Досега Владата нема донесено Уредба со која се суспендираат овие два члена од цитираните закони. Очигледно надлежните власти не се искрени во грижата за здравјето на граѓаните и дека ваквите постапки служат за дневна занимација на истите. Да имаа сериозен пристап и кадарни луѓе немаше на ваков шверцерски и шалабајзерски начин да оцрнуваат личности за дневно политичка потреба.